**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ
## за користење на дигитална апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување

### 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТРОЛОРОТ

| | |
|---|---|
| Контролор: | Триглав Осигурување АД, Скопје |
| Седиште: | бул.8-ми Септември бр.16, 1000 Скопје |
| ЕДБ: | 4030993129071 |
| ЕМБС: | 4691130 |
| Основен капитал: | 3.009.200,00 EUR |
| Телефон: | +389 2 5102 222 / 0800 02222 |
| Веб страна: | https://www.triglav.mk<br>https://www.triglav.eu |
| Е-адреса: | osig@triglav.mk |

### 2. НАШАТА ВИЗИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

2.1. Триглав Осигурување АД, Скопје е контролор на лични податоци кој ја заслужува Вашата доверба бидејќи целосно ја почитува приватноста и заштитата на личните податоци.

2.2. Оваа политика ги објаснува податоците кои Триглав Осигурување АД, Скопје може да ги собере и задржи при Ваше користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување, како и на кој начин се користат тие податоци и со кого се споделуваат податоците. Исто така, одредува на кој начин може да нè контактирате доколку имате прашања или сте загрижени за овие податоци.

2.3. Триглав Осигурување АД, Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на клиенти, нивните законски застапници, или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релевантни позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Триглав Осигурување АД, Скопје, а Триглав Осигурување АД, Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

2.4. За склучување на договор (полиса) за доброволно здравствено осигурување со Триглав Осигурување АД, Скопје или надомест на штета од страна на Триглав Осигурување АД, Скопје за овој вид на осигурување, истото може да го реализираме, само со обработка на Вашите лични податоци. Ние го правиме тоа со најголема грижливост и само во степенот неопходен за да ги постигнеме законските цели на обработка на лични податоци, како што се осигурување, исплата на барања за штета, наплата на неплатени премии и слични дејствија каде не може да се избегне обработка на лични податоци.

2.5. Податоците за кои што дадовте согласност за обработка за време на склучување на полисата за осигурување или за време на реализација на постапката за надомест на штета, во најголем дел од случаите, ги користиме само за оваа намена. Во зависност од околностите, ние понекогаш треба да ги користиме овие информации за други цели поврзани со реализација на осигурување, но само тогаш, кога имаме соодветна правна основа за тоа. Таквите други цели за обработка на Вашите податоци поврзани со осигурувањето обично произлегуваат од посебните обврски на Триглав Осигурување АД, Скопје согласно одредбите на посебните закони, на пример при известување за надзорните органи на друштвата за осигурување, органите за прогон, даночните органи и слично.

### 3. ПОДАТОЦИ КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДИГИТАЛНАТА АПЛИКАЦИЈА ЗА ПРИЈАВА НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

3.1. При користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување Триглав Осигурување АД, Скопје ги обработува следните лични податоци:

- Лични податоци со кои Вие се идентификувате при користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување со вашиот дигитален идентитет OneID, издаден во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, како што се: име, презиме, единствен матичен број, телефонски број и адреса на електронска пошта (e-mail).
- Лични податоци содржани во документацијата која ја приложувате кон пријавата на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување при користење на дигиталната апликација, како податоци содржани во медицинска документација, фискални сметки/фактури, трансакциска сметка и сл.

3.2. При користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување Триглав Осигурување АД, Скопје обработува и податоци:

- Податоци кои не се лични. Податоци за содржината која ја гледате и со која ракувате и кои се однесуваат на софтверот за интернет прелистувачот, кои содржини ги кликате, јазикот на пребарувачот, кои услуги ги посетувате, типот на компјутер, како и технички информации за конекцијата што ја користите при посета на веб страната, како што се оперативниот систем и испорачувачот на интернет услугата.
- Записите од серверот кои содржат технички информации за Вашето користење на веб страната, како што е Вашата IP адреса, домен, уред или поставувања на апликацијата, грешките и активноста на хардверот.

### 4. ЦЕЛИ И ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

4.1. Личните податоци со кои Вие се идентификувате при користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување со вашиот дигитален идентитет OneID и личните податоци содржани во документацијата која ја приложувате кон пријавата на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување при користење на дигиталната апликација се неопходни за обработка од страна на Триглав Осигурување АД, Скопје со цел исполнување на правата и обврските што произлегуваат од облигациониот однос кој го воспоставувате со Триглав Осигурување АД, Скопје, односно обработката на истите претставува услов за оценување на степен на оштета, а недавањето на овие податоци може да има за последица несоодветно оценување на степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање. Личните податоци со кои Вие се идентификувате при користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување со вашиот дигитален идентитет OneID и личните податоци содржани во документацијата која ја приложувате кон пријавата на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување при користење на дигиталната апликација, Триглав Осигурување АД, Скопје ги обработува со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети, и оценување на степен на оштета согласно член 109 од Законот за супервизија на осигурување.

4.2. Согласноста за обработка на личните податоци може да ја повлечете во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „бул.8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје" со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglav.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Триглав Осигурување АД, Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци што може да има за последица несоодветно оценување на степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање.

### 5. ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА

5.1. Во Триглав Осигурување АД, Скопје спроведуваме физички, организациски и технички мерки за заштита на податоците од загуба, кражба, недостапност и неовластено користење. Ние ги штитиме Вашите податоци во согласност со важечкото законодавство и интерните акти со кои се регулира заштитата и безбедноста на

личните податоци во Триглав Осигурување АД, Скопје како и областа на информатичката безбедност.

5.2. Сите вработени во Триглав Осигурување АД, Скопје, договорни обработувачи и други лица кои за обработка на податоците имаат Ваша лична согласност или друга соодветна правна основа за обработка, се обврзани да ја штитат доверливоста на Вашите податоци и не смеат да ги откриваат на неовластено лице или лица, кои немаат соодветна основа за обработка на Вашите лични податоци. Ние дозволуваме пристап до Вашите лични податоци само на оние лица кои треба да ги знаат овие податоци за да можат да ги обработуваат во наше име. Овие лица се обврзани со договорни обврски во врска со доверливоста, а во случај на какво било прекршување, против нив може да се поведат соодветни постапки.

5.3. Деловните простории каде што се наоѓаат носачите со лични податоци, хардверот и софтверот, внимателно се заштитени со мерки, кои што на неовластени лица им оневозможуваат неовластен пристап до личните податоци. Ние спроведуваме, прегледуваме и одржуваме безбедносни процедури што ги исполнуваат најновите техники, стандарди и практики за заштита на податоците. Интерната мрежа на Триглав Осигурување АД, Скопје е заштитена од надворешниот свет со заштитен ѕид и други активни системи за превенција, за откривање на упади, коишто се од најновата технологија.

5.4. Веб-страната на Триглав Осигурување АД, Скопје може да обезбедува линкови до веб-страници на трети лица или да вклучуваат страници и услуги на трети лица. Триглав Осигурување АД, Скопје не е одговорен за заштита на приватноста или на личните податоци од страна на трети лица, даватели на апликации, даватели на оперативни системи, даватели на безжични услуги, производители на уреди итн. Во случај да изберете да посетите таков линк, ние не сме одговорни за достапноста на избраната страница, мобилни апликации или други услуги на трети лица. Ние исто така не ги проверуваме веб-страниците на трети лица, нивните мобилни апликации или услуги и не сме директно или индиректно одговорни за нивната употреба и содржина, собирање и обработка на какви било податоци од страна на веб-страниците, мобилните апликации или услугите на овие лица. Со оглед на горенаведеното, Ви препорачуваме пред да ги користите услугите или мобилните апликации на трети лица или пред да внесете какви било лични податоци во нив, информирајте се за нивните политики за приватност или изјавите за заштита на приватноста, кои се достапни или на нивните веб-страници или при пристап (регистрација) во ваква мобилна апликација.

## 6. РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

6.1. Личните податоци со кои Вие се идентификувате при користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување со вашиот дигитален идентитет OneID и личните податоци содржани во документацијата која ја приложувате кон пријавата на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување при користење на дигиталната апликација, Триглав Осигурување АД, Скопје ќе ги чува во рок од 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета.

## 7. КОИ СЕ ВАШИТЕ ПРАВА

7.1. Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост), упатете барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: oficer.lp@triglav.mk. На истата електронска адреса можете да се обратите во врска со сите Ваши прашања поврзани со обработката на Вашите лични податоци.

Во секое време може да побарате:

- пристап до Вашите лични податоци (добивате информации за тоа дали во врска со Вас обработуваме лични податоци, да пристапите до нив или да добиете копија од личните податоци, да добиете информации за целите на нивната обработка, видовите на податоци, корисниците на овие податоци или нивните категории и сл.);
- корекција или бришење на Вашите лични податоци (бришење не може да се бара за податоци кои се чуваат или обработуваат врз основа на закон, а во некои случаи бришењето на податоците значи и раскинување на договорниот однос со нас);
- ограничување на обработката на Вашите лични податоци (на пример: се додека не се провери нивната точност);
- пренос на Вашите лични податоци (во случај податоците да се обработуваат врз основа на согласност или склучени со заеднички договор и со автоматизирани средства, добивате лични податоци што се однесуваат на Вас или барате да бидат предадени на друг контролор);
- да дадете приговор на обработката на лични податоци што се однесуваат на Вас, што се одвива единствено во легитимен интерес на Триглав Осигурување АД, Скопје или од јавен интерес (во тој случај ќе престанеме да ги обработуваме вашите лични податоци; исклучок е ако докажеме дека имаме легитимни причини за нивна обработка, кои ги надминуваат Вашите интереси, права и слободи, односно дека ни се потребни за остварување, реализација или одбрана на правни барања).

7.2. Ако Вашите лични податоци ги обработуваме врз основа на Ваша согласност, вие може кога било, привремено или трајно да ја отповикате дадената согласност за обработка. Во овој случај, Вашето отповикување важи во иднина и не влијае на обработките што биле извршени пред отповикувањето.

7.3. Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци за целите наведени во точка 4 од оваа Политика, од страна на Триглав Осигурување АД, Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

## 8. ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

8.1. Обично не ги пренесуваме Вашите лични податоци на трети лица како дел од осигурувањето. Од време на време, Триглав Осигурување АД, Скопје е должен да ги обезбеди Вашите лични податоци на одредени надворешни корисници доколку истите имаат соодветна правна основа за добивање на Вашите податоци. Таквите корисници се обично разни државни органи, на кои им се потребни Вашите лични податоци како дел од официјалните постапки што ги спроведуваат, но исто така можат да бидат поединци, ако побараат пристап до податоците преку суд или ако со сигурност докажат дека Вие сами сте ги овластиле да ги добијат Вашите податоци. Евентуалното барање за добивање на Вашите лични податоци од страна на трети лица секогаш се проверува за да се утврди дали тие потекнуваат од овластен барател и дали тој има соодветна правна основа за нивно стекнување. Во случај барањето за добивање на податоци да биде нецелосно, ние ќе одбиеме секакво доставување на Вашите податоци.

8.2. Триглав Осигурување АД, Скопје е дел од Групацијата Триглав. Личните податоци со кои Вие се идентификувате при користење на дигиталната апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување со вашиот дигитален идентитет OneID и личните податоци содржани во документацијата која ја приложувате кон пријавата на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување при користење на дигиталната апликација, се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Заваровалница Триглав каде што личните податоци се обработуваат само за цели на чување. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, во рамките на Групацијата Триглав се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на мерките за заштитни мерки може да ги добиете со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: „бул.8-ми Септември" бр.16, 1000 Скопје" со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglav.mk.

**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје



**9. ДОГОВОРНИ ОБРАБОТУВАЧИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

9.1. Како и повеќето компании, Триглав Осигурување АД, Скопје ангажира разни договорни обработувачи за одделни делови за обработка на лични податоци, кои вршат дел од услугите во име и за сметка на Триглав Осигурување АД, Скопје , при што Триглав Осигурување АД, Скопје склучува договори за обработка на лични податоци со такви договорни обработувачи на лични податоци, со кои ги обврзува на истиот стандард за заштита на личните податоци, исто како самата да ги врши овие издвоени делови од обработката на личните податоци. Во исто време, овие договорни обработувачи ги обработуваат податоците само за реализација на договорно дефинираните услуги за Триглав Осигурување АД, Скопје и за никаква друга цел, ниту пак смеат да ги користат за свои цели или за цели на трети лица.

**10. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ**

10.1. За повеќе информации поврзани со обработката на Вашите лични податоци од страна на Триглав Осигурување АД, Скопје може да најдете на нашата веб страница на следниот линк https://www.triglav.mk/politika-na-privatnost

10.2. Било какви прашања во врска со оваа политика, забелешки, коментари и барања за помош при остварување на Вашите права во врска со обработката на Вашите лични податоци може да се упатат до офицерот за заштита на личните податоците на Триглав Осигурување АД, Скопје, на e-mail: oficer.lp@triglav.mk

10.3. Со користењето на оваа дигитална апликација за пријава на осигурен случај од доброволно здравствено осигурување и со давање согласно за обработка на Вашите лични податоци се согласувате, односно ги прифаќате одредбите од оваа Политиката на приватност.

**11. АЖУРИРАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА НА ПРИВАТНОСТ**

11.1. Триглав Осигурување АД, Скопје го задржува правото, повремено да ја ажурира оваа политика на приватност.

11.2. Триглав Осигурување АД, Скопје препорачува сите поединци на кои оваа политика се однесува редовно да ја разгледуваат истата.